## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ Д-Р ЖАНЕТА ПОПОСКА ЗА НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТА МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102/201-11 од 3.11.2016 година донесена на 141. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 1.11.2016 година, определени се:

- проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчковски,
- проф. д-р Татјана Петрушевска,
- проф. д-р Јован Ананиев,

за членови на Рецензентска комисија за избор на доцент д-р Жанета Попоска за насловен вонреден професор во областа меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утринскии весник” и „Коха” на 8.10.2016 година и во предвидениот рок се пријави д-р Жанета Попоска, насловен доцент.

Врз основа на приложената документација од кандидаката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Жанета Попоска** е родена на 19 февруари 1978 година во Велес, Р. Македонија, каде што го завршува основното и средното образование. Во учебната 1996/1997 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2000 година го завршува Правниот факултет со среден просек 9.00 (девет) и се стекнува со звање дипломиран правник, меѓународно правна група.

Во 2000 година кандидатката се запишува на постдипломските студии по меѓународно право и политика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои успешно ги завршува во 2003 година со среден просек 10.00 (десет). Магистерскиот труд работа на тема „Заштита од мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување во рамките на Советот на Европа” успешно го одбранува и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на меѓународното право.

Во март 2011 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот“. Во јуни 2012 таа успешно го одбранува својот труд и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип бр.1602-108/6 од 1.7.2013 година е избрана во звање насловен доцент по предметот Човекови права, каде што наставата континуирано ја изведува до денес.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира - со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип бр.1602-108/6 од 1.7.2013 година кандидатката Жанета Попоска е избрана во звање насловен доцент по предметот Човекови права;
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Zaneta Poposka, Jovan Ananiev | *Racism and Xenophobia on Internet: Conceptual dilemmas with special focus on the instruments of the Council of Europe* | Proceedings from the International Scientific-Practical Conference "Fight against Internet Crime", Donetsk, Ukraine | 2013 |
| 2 | Jovan Ananiev, Zaneta Poposka | *Challenges to the institutional infrastructure for protection against ethnic discrimination – case of Macedonian multiethnic society* | Journal New Balkan Politics, Skopje, Macedonia | 2013 |
| 3 | Zaneta Poposka, Jovan Ananiev | *Concept and practice of cyber hate speech in international and domestic law* | Proceedings from the International Scientific Conference "The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration", Ohrid, Macedonia | 2013 |
| 4 | Zaneta Poposka | *Breaking the Glass Ceiling – Proposal for EC Directive on Improving the Gender Balance among Non-executive Directors* | Proceedings from OFEL Conference, Volume 2, Dubrovnik, Croatia | 2014 |

3. или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Melina Grizo, Jovan Ananiev, Zaneta Poposka | *The right of the minorities to participate in the public life on local level: the case of Republic of Macedonia in the framework of the EU policy of 'Regional Approach'* | Lex localis - Journal of Local Self-Government, Vol 13, No 3 (2015) | 0.32 • DOI: 10.4335/13.3.879-895(2015) |
| 2 | Jovan Ananiev, Zaneta Poposka | *Participation and Anti-discrimination Based Local Strategic Documents – Case of Macedonian Municipalities* | Lex localis - Journal of Local Self-Government, Vol 12, No 3 (2014) | 0.32 • DOI: 10.4335/13.3.575-590(2014) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр.1602-108/6 од 1.7.2013 година е избрана во звање насловен доцент по предметот Човекови права, каде што наставата континуирано ја изведува до денес. Професионалните ангажмани и научниот интерес којшто кандидатката д-р Жанета Попоска го покажува се во сферата на меѓународното право. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон меѓународното јавно право со посебен акцент на меѓународните организации и меѓународното право за правата на човекот. Токму во ова проблематика кандидатката има објавено книги и повеќе стручни трудови, елаборирани подолу. Автор е на учебните помагала „Скрипта по предметот Човекови права“ и „Практикум за вежби по предметот Човекови права“ издаден од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2016 година (е-учебник). Тргнувајќи од темите коишто кандидатката досега ги има обработувано, за забележување е нејзиниот интерес за мултидисциплинарен приод на истражување којшто се движи во рамки на правните и политичките науки.

***Наслови на трудови со импакт фактор, по изборот во доцент:***

Jovan Ananiev, Zaneta Poposka, Participation and Anti-discrimination Based Local Strategic Documents – Case of Macedonian Municipalities, published in the Lex localis - Journal of Local Self-Government, Vol 12, No 3 (2014), pp.575-590, (ISSN: 1581-5374), Slovenia, 2014.

Трудот го анализира процесот на подготовка и спроведување на стратешките документи во македонските општини во однос на учеството на јавноста и почитување на принципот на антидискриминација и презентира резултати од емпириски истражувања каде што повеќе од 30 општински стратешки документи во десет општини се анализирани. Резултатите покажуваат дека поголемиот дел од анализираните документи биле подготвени, следени и оценувани без учество на јавноста. Покрај тоа, принципот на антидискриминацијата не е вклучен во документите, а поединечните целни групи подложни на дискриминација не се консултирани. Научниот квалитет на трудот е на високо ниво, посебно емпириските резултати, како и препораките кои се дадени кои послужуваат како насока за општините во нивниот иден ангажман во оваа област. Трудот е печатен во списание кое има 0.32 ИФ.

Melina Grizo, Jovan Ananiev, Zaneta Poposka, The right of the minorities to participate in the public life on local level: the case of Republic of Macedonia in the framework of the EU policy of ‘Regional Approach’, published in the Lex localis - Journal of Local Self-Government, Vol 13, No 3 (2015), Impact Factor: 0.32 • DOI: 10.4335/13.3.879-895(2015), Slovenia, 2015.

Трудот го анализира процесот на остварување на правата на заедниците да учествуваат во јавниот живот на локално ниво во Република Македонија преку анализа на рамката на политиката на Европската Унија на *регионален пристап*. Научниот квалитет на трудот е на високо ниво, посебно поради фактот што за прв труд со кој се анализираат малцинските права од овој аспект покажувајќи ја дихотомијата во аплицирањето на стандардите на Советот на Европа за гарантирање на малцинските права од страна на Унијата. Трудот е печатен во списание кое има 0.32 ИФ.

***Список на печатени оригинални научни трудови во меѓународни списанија и конгреси без импакт фактор, по изборот во доцент:***

Zaneta Poposka, Jovan Ananiev, Racism and Xenophobia on Internet: Conceptual dilemmas with special focus on the instruments of the Council of Europe, published in the Proceedings from the International Scientific-Practical Conference “Fight against Internet Crime”, Donetsk, Ukraine, 2013.

Трудот го разработува феноменот на расизмот и ксенофобијата на интернет како форма на говор на омраза и потенцијален криминал ако поттикнува на расна омраза. Научните квалитети на трудот се истакнуваат во анализата на конкуренцијата на слободите и моделите, како и случаите на ограничување на слободата на изразување кои се дискутираат во трудот преку анализа на правната рамка и практики во оваа област од страна на Советот на Европа.

Jovan Ananiev, Zaneta Poposka, Challenges to the institutional infrastructure for protection against ethnic discrimination – case of Macedonian multiethnic society, published in the Journal New Balkan Politics, pp.90-110, (ISSN: 1409-8709), Skopje, Macedonia, 2013.

Трудот ја елаборира постојната законска и институционална рамка за спречување и заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во Република Македонија, нејзините недостатоци помеѓу кои и недостатокот на соодветни капацитети и ресурси, како и позитивни и негативниот судир на надлежности помеѓу постојните институции со мандат за антидискриминација. Исто така, трудот ги анализира меѓуинституционалните односи и недостаток на меѓуинституционалната протоколи и стандардни оперативни процедури меѓу институциите надлежни во областа на заштита и превенција од етничка дискриминација. Научните квалитети на трудот се неспорни, посебно во идентификувањето на клучните предизвици и препорачаните активности за нивно надминување.

Zaneta Poposka, Jovan Ananiev, Concept and practice of cyber hate speech in international and domestic law, published in the Proceedings from the International Scientific Conference “The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration”, p.108, (ISBN: 978-608-4532-29-3), Ohrid, R.Macedonia, 2013.

Целта на овој труд е да се разјасни концептот на говорот на омраза на Интернет и како овој концепт се третира според меѓународното право и домашното законодавство. Овој труд ги презентира современите предизвици и дилеми околу говорот на омраза на Интернет и има за цел да даде преглед на критериумите кои ги следи Европскиот суд за човекови права во својата судска практика во врска со слободата на изразување и нејзините ограничувања.

Zaneta Poposka, Breaking the Glass Ceiling – Proposal for EC Directive on Improving the Gender Balance among Non-executive Directors, Volume 2, p.26, (ISBN: 978-953-57413-1-2), Dubrovnik, Croatia, 2014.

Овој труд теоретски и квалитативно ја анализира предлог Директивата за унапредување на родовата еднаквост меѓу неизвршните директори на компаниите кои котираат на берза и сродни мерки, предложена од страна на Европската комисија на 14 ноември 2012 година. Анализата се врши од аспект на унапредување на еднаквото учество на жените и мажите во економското одлучување, притоа признавајќи дека политиките за родова еднаквост се од витално значење за економскиот развој, просперитет и конкурентност.

***Список на печатени оригинални научни трудови во домашни списанија и конгреси без импакт фактор, по изборот во доцент:***

Zaneta Poposka, Accession of the EU to the Convention of the Rights of Persons with Disabilities, published in the Journal for European Issues ‘Evrodijalog’ Vol. 18, pp.27-46, and pp.161-179, (ISSN 1857-8136), Skopje, Macedonia, 2013.

Овој труд го разгледува процесот на пристапувањето на Европската Унија кон Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации, прва меѓународна конвенција за правата на човекот на која ЕУ пристапила. Научните квалитети на трудот се согледуваат во анализираните прашања, како што се: каде се наоѓа Конвенцијата во правниот систем на ЕУ, повеќекратната правна основа за пристапување на Унијата кон Конвенцијата, како и поделените договорни односи помеѓу ЕУ и нејзините држави-членки со цел спроведување на одредбите на истата. За крај, се анализира прашањето на ефикасното спроведување на Конвенцијата од страна на Унијата од аспект на заштита од дискриминација врз основа на попреченост. Во таа насока, посебно место се отстапува на анализирањето на членовите од Конвенцијата кои директно ја засегаат заштитата од дискриминација врз основа на попреченост, како што се членовите 4 (општи обврски), 5 (еднаквост и недискриминација), 9 (пристапност), 24 (образование), 27 (работа и вработување) и 33 (национално спроведување и набљудување).

Zaneta Poposka, Disability discrimination in the legal system – case of Macedonia, published in the Journal Balkan Social Science Review, Volume 1, pp.49-68, (ISSN: 1857-8772), Skopje, Macedonia, 2013.

Трудот ги елаборира постоечките национални закони за спречување и заштита од дискриминација, особено дискриминацијата врз основа на попреченост. Поточно, ја анализира дефиницијата за попреченост во националното законодавство од критички аспект поради нејзиното засновање на медицинскиот модел на гледање на попреченост, кое е застарена во современото меѓународно право. Исто така, трудот ја анализира сегашната ситуација и сите форми на дискриминација врз основа на попреченост, вклучувајќи директна и индиректна дискриминација, вознемирување, пропишување на потребата за соодветно сместување и забрана на давање на инструкција за дискриминација од страна на физички и правни лица, во јавниот и во приватниот сектор. Текстот ги користи резултатите од истражувањата и анкетите кои биле спроведени во земјава и во странство за илустрација на трендовите и практиките за конкретното прашање.

Zaneta Poposka, Shift in the Burden of Proof – Mechanism to Ensure Enforcement of Anti-Discrimination legislation, published in the Journal Balkan Social Science Review, Volume 2, pp.133-149, (ISSN: 1857- 8799), Skopje, Macedonia, 2014.

Овој труд го објаснува постоечкото законодавство за антидискриминација, посебно одредбите кои се занимаваат со префрлање на товарот на докажување. Трудот ја анализира дефиницијата на принципот на префрлување на товарот на докажување и нејзиниот историски развој вкоренети во прецедентното право за половата дискриминација на Судот на правдата на Европската Унија. Покрај тоа, трудот ги презентира актуелните состојби,

особено нагласувајќи кога и како товарот на докажување се префрлува во пракса, врши проценка на доказите кои можат да се приложат во секоја фаза од постапката. На крајот, трудот ги идентификува клучните предизвици во оваа област. Текстот ги користи резултатите од истражувањата кои се спроведени во ЕУ и извлекува заклучоци од прецедентното право на Судот на правдата на ЕУ и на Европскиот суд за човекови права во врска со пренесувањето на товарот на докажување.

Zaneta Poposka, The Phenomenon of Multiple Discrimination and Its Protection Under the Anti-Discrimination Legislation, published in the Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", 11-13 September 2014, pp.113-126 , (978-608-244-129-0), Stip, Macedonia, 2014.

Во трудот се објаснува позицијата на повеќекратната дискриминација во постоечката регулатива за спречување на дискриминацијата, особено правото на Европската Унија. Трудот детално ги анализира различните видови на повеќекратна дискриминација, како што се кумулативната или дополнителната дискриминација како и интерсекциската дискриминација. Исто така, во трудот се идентификуваат и клучните предизвици поврзани со заштита на повеќекратната дискриминација, како што се разликите во материјалниот и персоналниот опфат на законодавството за антидискриминација, разликите во исклучоците на одредени дискриминаторски основи, како и тешкотиите во пронаоѓањето на компаратор во повеќе случаи на индиректна дискриминација. Текстот користи резултати од истражувањата кои се спроведени во Европската Унија и извлекува заклучоци од меѓународната и националната судска практика.

Zaneta Poposka, The Convention on the Rights of Persons with Disabilities as Anti-Discrimination Instrument, published in the Yearbook of the Law Faculty, Volume 4, pp.235-250, (ISSN: 1857-8713), Stip, Macedonia, 2014.

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост усвоена во 2006 година е осмиот универзален правно-обврзувачки инструмент за правата на човекот во Обединетите нации, првиот во новиот век, кој преставува и официјално признавање на попреченоста како прашање на човековите права во меѓународната сфера. Трудот ја анализира Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, нејзината хибридна природа, структура и суштина истакнувајќи ги новелите во начинот на изработката на меѓународните инструменти за правата на човекот, посебно член 33 со кој се предвидува обврската на државите-членки за формирање или назначување на национален механизам за набљудување на спроведувањето на Конвенцијата. Дополнителна вредност е што овој труд ги анализира одредбите на Конвенцијата од аспект на заштитата од дискриминацијата, притоа отсликувајќи го овој меѓународен инструмент како антидискриминациски.

Zaneta Poposka, Stereotypes and Prejudices as Cause for Discriminatory Practices, published in the Yearbook of the Law Faculty, Volume 5, pp.249-264, (ISSN: 1857-8713), Stip, Macedonia, 2015.

Овој труд ги разгледува стереотипите и предрасудите за определена група во општеството како ограничувачки фактори на индивидуалните избори на секој кој припаѓа на односната група кои доведуваат до дискриминација, стигматизација, говор на омраза и во крајна линија насилство мотивирано од пристрасност. Ова анализа се врши врз основа на судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Во таа насока, посебно место се отстапува на анализирањето на судската пракса и наодите на Судот во врска со стереотипите врз основа на пол и род, етничко и расно потекло, попреченост, статус на ХИВ позитивни лица, сексуална ориентација и религија и уверување во случаите на дискриминација.

Zaneta Poposka, Growing Importance of the Charter of Fundamental Rights of the European Union in Safeguarding Human Rights, published in the Proceedings from the International Scientific Conference "Social Change in The Global World", 3-5 September 2015, pp.677-690, (ISBN 978-608-244-267-9), Stip, Macedonia, 2015.

Трудот ги истражува правната природа, структурата, содржината и обемот на примена на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија. Покрај тоа, се елаборира позицијата на Повелбата во постоечките правото на Унијата, односно нејзината примена пред Судот на правдата на Европската Унија и на национално ниво во земјите-членки.

Исто така, трудот ја анализира интеракцијата на Повелбата со другите инструменти за човекови права, како што е Европската конвенција за човекови права и ги идентификува клучните предизвици во тој поглед. Конечно, научната корисност на трудот се гледа во претставувањето на начините за натамошно зголемување на важноста на Повелбата во заштитата на основните права, обезбедување еднаквост и борба против дискриминацијата преку подигнување на свеста, вклучувајќи го и проектот *Charterpedia*, како и употребата на Повелбата во креирањето на политиките.

Zaneta Poposka, Stereotypes and Prejudices as Cause for Discriminatory Practices – Review of the Case-law of the European Court of Human Rights, published in the Proceedings from the Conference "16 November – International Day of Tolerance", 16 November 2015, pp.45-60, (ISBN 978-608-4788-00-3), Skopje, Macedonia, 2015.

Трудот врз основа на судската практика на Европскиот суд за човекови права ги анализира наодите на Судот во врска со стереотипите врз основа на полот и родот, етничкото и расното потекло, попреченоста, статусот на ХИВ позитивни лица, сексуалната ориентација и религијата и уверувањето во случаите на дискриминација. Дополнително, трудот ги анализира религиозните, етничките и хомофобичните предрасуди кои се наоѓаат во основата на случаите на криминал од омраза.

Zaneta Poposka, Discrimination on Ground of Religion and Belief – Challenges in Effective Protection, published in the Proceedings from the International Scientific Conference, 14 November 2015, Tetovo, Macedonia.

Трудот ги истражува карактеристиките на религијата и уверувањето како дискриминаторска основа од правен и политички аспект, својата специфичност и предизвици во ефикасната заштита. Покрај тоа, во детали се елаборира позицијата на меѓународните судски инстанци, како што се Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија по оваа основа. Исто така, трудот ја анализира меѓусебната поврзаност на религијата и уверувањето со полот и интеракцијата и потенцијалните конфликти со други основи на дискриминација, како што е, на пример, сексуалната ориентација.

Zaneta Poposka, Idea behind Reasonable Accommodation as a Way Forward in Achieving Equality, published in the Journal Balkan Social Science Review, Volume 7, pp.7-31, (ISSN: 1857- 8799), Skopje, Macedonia, 2016.

Трудот го анализира прашањето на правната природа и ефектот на разумното приспособување за лицата со попреченост, односно за тоа каков тип на приспособување е соодветно и ефикасно во правна смисла. Покрај ова, трудот го разгледува прашањето на опфатот на заштитата, односно кои се тие кои треба да бидат заштитени - индивидуата или групата на лица со попреченост, во рамките на законската обврска. Научната вредност на трудот е што врши анализа на оваа должност, како што е предвидено во Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост и Директивата на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 година за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и професијата. Денес во различни правни системи постојат различни начини на регулирање на разумното приспособување. Имено, дали тоа треба да се смета за антидискриминационен институт или како форма на афирмативна акција? Ова прашање нема единствен одговор, но трудот разработува компаративни искуства од земјите-членки на ЕУ, САД и Австралија исцртувајќи ги границите на овој правен институт. Исто така, трудот ја оценува моменталната состојба со соодветното приспособување за лицата со попреченост во македонскиот контекст.

***Објавени книги (меѓународно), по изборот во доцент:***

Zaneta Poposka, Jovan Ananiev, Discriminatory job vacancies, GRIN Verlag, UK, 2014 (ISBN: 9783656868545).

Книгата содржи резултати од истражувањето за дискриминаторските огласи за вработување спроведено во периодот 15 април - 15 септември 2013 година на примерок од 988 работни места објавени во четири дневни весници и на веб портали. Книгата ги анализира дискриминаторските практики во огласувањата по различни основи и ги истакнува тековните трендови. Нејзината важност е токму во мапирање на ситуацијата, која до тогаш не е направена, како и во препораките за нејзино надминување.

Zaneta Poposka, Disability Discrimination in International Human Rights Law, LAP Lambert Academic Publishing, Germany, 2015 (ISBN: 978-3-659-37641-2).

Македонија и пошироката научна заедница во областа на општествените науки, а особено во областа на меѓународното јавно право, човековите права, правната теорија, граѓанското право, политичката теорија, попреченоста и други дисциплини имаат можност да се сретнат со оваа научна книга. Авторката дава можност на академската и стручната јавност, вклучувајќи ги тука и научниот кадар, студентите, јавната администрација и судството, како и на вработените и активисти во граѓанските организации да ги збогатат своите знаења од теоретските и практичните аспекти во врска со конкретна тема. Авторката на научно базиран и систематски начин одлучила да се осврне на предметот на оваа книга, која во македонски и регионален контекст е недоволно научно проучена. Дискриминацијата врз основа на попреченост е сложена и суптилна во нејзиното разликување, идентификација и надминување. Низ целиот текст се гледа систематското познавање на авторот во областа на правната теорија и меѓународната правна рамка, Европската судска пракса и практиката на телата за еднаквост. Оваа монографија покажува симбиотска теоретска и практична разработка на феноменот на дискриминацијата врз основа на попреченост и нејзината научна вредност е значителна.

***Објавени книги (национално), по изборот во доцент:***

Жанета Попоска, Зоран Михајлоски, Атанас Георгиевски, Водич за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во судска постапка и преминување на товарот на докажување, ОБСЕ и Академија за судии и јавни обвинители, 2013 (ISBN: 978-608-4630-49-4).

Водичот ги објаснува значењето, обемот, отворените прашања и дискусиите за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во текот на судската постапка, притоа презентирајќи примери од праксата на Судот на правдата на Европската Унија и Европскиот суд за човекови права, помагајќи им на правните практичари во нивното разбирање и примена.

Жанета Попоска, Звонко Шаврески, Наташа Амдију, Водич за соодветно приспособување, ОБСЕ и Комисија за заштита од дискриминација, 2014 (ISBN: 978-608-4630-76-0).

Водичот ги појаснува значењето, опсегот, отворените прашања и дискусиите за прашањето на соодветно приспособување како антидискриминациски правен институт и дава примери од компаративните искуства на други држави со подолга традиција во примена на истиот, а со цел да им помогне на практичарите во разбирањето и неговата примена. Водичот се состои од пет поглавја и два анекса.

Жанета Попоска (уредник), Јован Ананиев (автор), Сегрегација на децата Роми во образовниот процес, ОБСЕ и Комисија за заштита од дискриминација, 2014 (ISBN: 978-608-4630-82-1).

Во Република Македонија, како и во некои други европски земји, во изминатиот период па до денес, забележана е појава на индиректна дискриминација на децата во Роми преку т.н. сегрегација во посебни (порано користен терминот специјални) училишта, односно паралелки, доколку детето учи во редовните училишта. Сегрегацијата, односно одвојувањето на овие деца се врши преку нивна категоризација како лица со умерени пречки во психичкиот развој. Ваквото категоризирање, во целокупниот образовен процес на детето го става во подредена положба во однос на другите деца кои не се категоризирани, бидејќи нема можност да се образува по исти наставни и предметни програми, нема можност да се образува во средина со деца кои немаат пречки во психичкиот развој и има намалени можности да го продолжи своето средно образование според своите желби. Истражувањето во детали го разработува овој проблем, а неговата научна важност е отсликана во емпириските податоци презентирани во него.

Жанета Попоска, Лидија Димова, Бојана Велковска, Атанас Георгиевски, Практикум на Законот за спречување и заштита од дискриминација, ОБСЕ и Академија за судии и јавни обвинители, 2014 (ISBN: 978-608-4630-81-4).

Целта на овој практикум е да даде основни насоки за подготвување на иницијални акти во случаи на дискриминација, притоа не навлегувајќи во поединостите на секој индивидуален случај или, пак, во креативноста на адвокатите, судиите или други подносители на тужби до надлежните судови. Со овој практикум се заокружува збирката на публикации во делот на антидискриминацијата, притоа задоволувајќи ги интересите на стручната јавност и придонесувајќи кон јакнење на заштитата на правата поврзани со концептот на еднаквост и правната сигурност како највисоки цели на секое демократско општество.

Zaneta Poposka and Nada Naumovska (editor-in-chief), Neda Chalovska (author), Situation testing - a method of proving discrimination, OSCE, Skopje, 2014 (ISBN: 978-608-65216-7-7).

Како една од методите што доведоа до промена во некои од европските земји при докажувањето на директната дискриминација, а со тоа и промена во законодавството за прифаќање на овој начин на докажување како законски допуштено доказно средство во судските постапки за утврдување на дискриминација, претставува тестирањето ситуација. Овој метод се користи и за спроведување на истражувања чиишто резултати понатаму се користат за застапување или лобирање за промена на дискриминаторски практики или, пак, промена на законодавството, за зголемување на свесноста во јавноста околу постоењето на определена дискриминациска практика, како и за набљудување и документирање на состојбата со дискриминацијата воопшто. Тестирањето на ситуацијата се разработува детално во оваа публикација.

Жанета Попоска (уредник), Јован Ананиев (автор), Разлика во плати врз основа на пол на национално ниво, ОБСЕ и Комисија за заштита од дискриминација, 2015 (ISBN: 978-608-4788-01-0).

Преку истражувањето се презентираат емпириски податоци за феноменот на родов јаз во плати кои ќе ѝ помогнат на Комисијата за заштита од дискриминација, како и на сите останати засегнати чинители во утврдување на конкретната ситуации со скриената дискриминација врз основа на пол. Дополнително, во истражувањето се предлагаат мерки за решавање на овој проблем кои треба да ги преземаат креаторите на политиките, државните институции, синдикатите и стопанските комори.

Од сето погоре изнесено може да се заклучи дека кандидатката д-р Жанета Попоска ги исполнува критериумите за избор во повисоко звање, односно ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избрана во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката редовно се вклучува во домашни и меѓународни проекти. Како илустрација се следниве:

2009-2013 – Проектен менаџер и истражувач на реформите во законодавниот процес во Република Македонија, со посебен акцент за законодавството кое ја гарантира транспарентноста и вклученоста на јавноста во законодавниот процес, дискреционите овластувања, унапредување на подзаконските акти и воведување на *ex-post* евалуација на законите, Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

2008-2016 – Проектен менаџер и истражувач на антидискриминационото законодавство во Република Македонија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Вклученост во ИПА и Прогрес проекти како аналитичар во делот на антидискриминација.

2010-2016 – Проектен менаџер и истражувач на законодавството за заштита од криминалот од омраза и говорот на омраза во Република Македонија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР од Варшава.

Дополнително, во периодот 2004 – 2016 кандидатката д-р Жанета Попоска има учествувано како говорник или учесник на бројни конференции во Виена и во Варшава кои биле организирани од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Некои од темите се следниве: антидискриминација, криминал од омраза, одржлив развој и социјална инклузија, забрана на тортура, полициска злоупотреба, тероризам и безбедносни прашања, заштитни механизми за човекови права, демократски институции за владеење на правото, програми за развој на граѓанското општество, реформи во

законодавниот процес и неколку тематски *Supplementary Human Dimensions Meetings*. Исто така, има остварено студиски посети на тела за еднаквост во Белгија, Ирска, Шведска, Велика Британија и Франција.

Кандидатката д-р Жанета Попоска се јавува како рецензент на два научни труда, за списанието *Balkan Social Science Review* и *Academic Journal of Interdisciplinary Studies*, како и рецензент на монографијата „Дискриминација врз основа на возраст во меѓународното право" од авторот доц. д-р Беким Кадриу.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката д-р Жанета Попоска ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР):

– наставно-образовна (НО) = 30 поени
– научн-истражувачка (НИ) = 88 поени
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 53 поени

Вкупно (НО+НИ+САОР) = 171 поени.

Од сето погоре изнесено може да се заклучи дека кандидатката ги исполнува критериумите за избор во повисоко звање на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Д-р Жанета Попоска ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи за да биде избрана во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да ја избере доцент д-р Жанета Попоска во звање вонреден професор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчковски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Петрушевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>*Disability Discrimination in International Human Rights Law* | 1x15 | | | | **15** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>*Participation and Anti-discrimination Based Local Strategic Documents – Case of Macedonian Municipalities*<br>*The right of the minorities to participate in the public life on local level: the case of Republic of Macedonia in the framework of the EU policy of ‘Regional Approach’*<br>*Challenges to the institutional infrastructure for protection against ethnic discrimination – case of Macedonian multiethnic society*<br>*Breaking the Glass Ceiling – Proposal for EC Directive on Improving the Gender Balance among Non-executive Directors*<br>*Accession of the EU to the Convention of the Rights of Persons with Disabilities*<br>*Disability discrimination in the legal system – case of Macedonia*<br>*Shift in the Burden of Proof – Mechanism to Ensure Enforcement of Anti-Discrimination legislation*<br>*Idea behind Reasonable Accommodation as a Way Forward in Achieving Equality* | 1<br>4 | 6<br>3 | 2<br>1 | 9<br>3 | **39** |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | 2 | 1 | 8 | **12** |
| **4.** | Пленарно предавање на научен собир<br>*MANU Conference, keynote speaker*<br>*International Scientific Conference “Social Change in The Global World”, keynote speaker* | 2 | 3 | | | **6** |
| **5.** | Учесник во научен проект<br>*Anti-discrimination*<br>*Hate crimes* | 2 | 2 | | | **4** |
| **6.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал<br>*International Scientific Conference, 14 November 2015, Tetovo, Macedonia* | 1 | 1 | | | **1** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Студиски престој во странство<br>*Студиски посети на тела за еднаквост во Белгија, Ирска, Шведска, Велика Британија и Франција* | | | | 8 | **8** |
| **8.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>*Academic Journal of Interdisciplinary Studies*<br>*Balkan Social Science Review*<br>Дискриминација врз основа на возраст во меѓународното право (книга) | 1 | 1 | 2 | 1 | **3** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **88** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга<br>*Discriminatory job vacancies*<br>Водич за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во судска постапка и преминување на товарот на докажување<br>Водич за соодветно приспособување<br>Практикум на Законот за спречување и заштита од дискриминација | 3 | 10 | 1 | 15 | **45** |
| **2.** | Пленарно предавање на стручен собир<br>*Supplementary Human Dimension Meeting, Vienna, Austria* | 1 | 4 | | | **4** |
| **3.** | Позитивно рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Човекови права | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **53** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **171** |